Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на акционери на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, на седницата, одржана на 26.12.2016 година, донесе

# О Д Л У К А

**за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2016 година и на Финансиските извештаи за 2016 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2016 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2016 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2016 година**

Член 1

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2016 година и на Финансиските извештаи за 2016 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2016 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2016 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2016 година се избира ДП Ревизија Чулева Скопје ул. „Иван Аговски " бр. 1/2-1 во Скопје, врз основа на спроведена постапка за јавна набавка со прибирање понуди со електронска аукција за ревидирање на Годишната сметка за 2016 година и Финансиските извештаи за 2016 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2016 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2016 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 42-8776/1**
**26 декември 2016 година**
**С к о п ј е**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Владимир Пешевски**